На почетокот од годината сме. Што мислите, какви настани би можеле да ја одбележат 2018 година во Македонија? По колапсот на владата на ВМРО-ДУИ и десетгодишниот период на стагнација на процесот на интеграција, Македонија се најде во најоптимистичката фаза за решавање на проблемот со името и да се приклучи кон НАТО. Дали мислите дека овој оптимизам е реален? Каква е улогата на Франција во овој процес? Дали Франција помага да се реши проблемот со името и ако е така, како тоа го прави? Што може да се случи ако нема решение до јуни, како што е најавено? Што може да очекува Македонија во таква ситуација?

Годината е навистина клучна, со оглед на неколкуте политички агенди и веројатно нема подолго време да се повтори таква состојба. Затоа, потребна е висока свесност за овој факт и активна вклученост на сите чинители за успешно да се заврши процесот чијшто крај сега веќе се насира. Да не заборавиме дека ова е процес на приближување каде што одговорните лица дејствуваат на еден дискретен начин, на сите нивоа, за да се овозможи развој на заедничките објективни интереси. Тие постојат и секогаш ќе постојат на патот кон изнаоѓање на прифатливо решение. Но, денес има политичка волја што се манифестира од сите страни, со храброст, се создаде позитивна клима и оживеа еден закочен процес. Франција на Самитот во Љубљана во 2013 година преку изјавата на претседателот Оланд го искажа целиот интерес за укинување на блокадата на интеграцијата на земјата во Европската унија; тоа е и перспектива на регионот, на што потсети и претседателот Макрон во неговиот говор за европска обнова што го имаше во септември на Сорбона. Овде сè уште се свежи сеќавањата на улогата на Франсоа Леотар или Ален Ле Роа и, се разбира, на Робер Бадентер, за да живее оваа држава. Нашата решеност и пријателство остануваат непроменети и ние годинава ја одбележуваме 25-годишнината од нашите дипломатски односи.

Ако името биде решено, во меѓувреме, може да има и други пречки за приклучување на Македонија во НАТО? Треба ли да се плашиме од обид за сценарио како во Црна Гора? Какво ќе биде однесувањето на Русија, според вас, ако Македонија се приклучи кон НАТО?

Сто години по завршувањето на Првата светска војна, која беше една катастрофа за Европа, да не го направиме Балканот повторно поле за некаков неразумен натпревар, додека заедничкиот интерес треба да се бара во стабилноста и развојот. Алијансата е дефанзивна и има за цел да се грижи за безбедноста на своите членки. На тој принцип потсети и Генералниот секретар во својот говор во Собранието при неговата посета на Скопје, дека Алијансата е изградена околу заеднички демократски вредности. Русија ќе нема причина да се спротивстави доколку посакува, како што вели, да го види овој регион како област каде што земјите меѓусебно соработуваат. Да ја држиме за збор! Кога од Скопје ќе стигне информација дека условите за прием се исполнети, односно дека е создадена позитивна едногласност на членовите во полза на зачленувањето, не може да има надворешно вето што би имало важност во тој поглед.

Франција е трет најголем придонесувач на НАТО во буџетот за одбрана, ако се земе процентуално како дел од БДП, пред повеќето други земји на ЕУ. Со Германија, нашиот придонес е еднаков со тој на САД. Затоа, оправдано внимаваме како се развива Алијансата. Со наклонетост гледаме на напорите за модернизација на македонската армија: при неодамнешната посета на една француската делегација, која го продолжи стратегискиот

дијалог, експертите беа импресионирани од цврстата волја на министерката и на нејзините служби.

Исто така, обновен е интересот земјата да ни се придружи во мировните операции во рамките на Обединетите нации и ние во таа насока ќе имаме соработка со македонски практиканти.

Можете ли да го предвидите времето потребно за Македонија да стане членка на ЕУ, откако проблемот со името ќе биде решен и по приклучувањето кон НАТО? Овде, во меѓувреме сме толку очајни што се шегуваме, честопати велејќи додека дојде времето кога Македонија ќе стане членка на ЕУ, таа може да пропадне.

Невозможно е да се даде датум: патот по кој одите е во ваши раце. Минатото покажа дека може да има назадување, со условеноста додадена во последниве години, како и забрзувања што земјата ги доживеа со првичниот напредок во процесот во споредба со другите земји во регионот. Важно е секоја земја да се процени според нејзините заслуги и реалната состојба со реформите, но исто така и да се задржи пристапот на регионален напредок заснован на помирување и соработка околу заедничките интереси. На крајот на краиштата, граѓаните ќе гласаат во Франција на референдум или во Собранието: тие ќе кажат јасно и гласно дали сметаат дека земјите кандидати може да влезат во овој заеднички суверенитет, во Европската Унија. За тоа е потребно доста напор, да се избрише сликата од војната, корупцијата и неразвиеноста што го следи регионот. Претседателот Макрон, сепак, во септември истакна на Сорбона дека европската изградба нема да биде завршена без интеграција на овој регион. Ние Французите, без задна мисла ќе ве придружуваме на тој пат.

Како гледате на однесувањето на опозицијата за време на процесот на преговори за името?

Опозицијата и сите релевантни фактори мора да бидат интегрирани на различни нивоа за да се постигне широко прифатено решение од национален интерес. Преговорите бараат дискреција која не треба да се оспорува, но има момент кога резултатите мора да се споделат и оценуваат заедно, за секој легитимен чинител да може да ја преземе својата одговорност. Ова треба да биде можност да се изгради доверба меѓу засегнатите страни во земјата: претседател, влада, мнозинство, опозиција... Овој процес сам по себе треба да биде конструктивен и ослободен од контроверзии, што не исклучува квалитетна политичка дискусија за суштинските прашања.

Јавното мислење, но исто така и политичарите не се едногласни за тоа како треба да се смени името на земјата по претходно постигнат договор. Според вас, како долгогодишен дипломат на Балканот, дали е подобро Македонија да го стори тоа на референдум или во Собранието?

Јас разбрав од изјавите на Премиерот и на Министерот за надворешни работи дека референдумот е најпосакуваната форма. Во секој случај, создавањето на најширок можен консензус е пожелно, така што референдумот нема да претставува момент на фрактура, туку момент на обединување за европската иднина на земјата.

Што мислите за реформската агенда на владата? Дали реформите продолжуваат како што е најавено, или пак постои стагнација?

Владата, со европска помош, подготви амбициозна и динамична агенда, без секогаш да ја знае комплексноста и тешкотијата на предизвиците за коишто се работи. Вицепремиерот Османи со голема уверливост им ги презентираше на своите партнери намерите и првите чекори на новите власти. Сите европски држави ја поздравија новата клима. Тоа беше вистински успех; Сега, по успешно истрчаните "сто метри", влеговме во трката со средна должина за да ги добиеме укинувањето на условите и отворањето на преговорите. Тука е почетокот на маратонот... Во тек е конструктивна и постојана дискусија за главните реформски прашања: правда, администрација, безбедносни служби.

Имаме нова влада која го носи наследството од претходната влада. Може ли оваа ситуација да ја блокира реформата, имајќи предвид дека некои елементи од претходната влада се пренесуваат на актуелната? Дали мислите дека реформите се можни со таков багаж?

Потребна е правда за да се врати стабилноста и стабилност за да се врати правдата. Во тек е реформскиот процес што го спроведува актуелната влада која реагира на општото барање на општеството, на сите заедници што го сочинуваат. Да им оставиме време и да им помогнеме на оние што го започнаа овој тежок процес, бидејќи реформите се природно предмет на притисок од секаков вид. Од европска страна, го имаме извештајот на Прибе, којшто е со високи стандарди. Ние ја следиме неговата имплементација со постојано внимание, особено во однос на обуката и изборот на судии и обвинители, бидејќи политичкото мешање е трајно искушение, вклучувајќи го и пишувањето на "наменски текстови". Мора да се решат работите од минатото и истовремено да се подготви една поинаква иднина.

Минатиот вторник во Косово, имаше политички атентат врз Србинот Оливер Ивановиќ? Дали мислите дека постои ризик од дестабилизација на регионот и евентуално ширење на оваа дестабилизација во Македонија?

Смртта на Оливер Ивановиќ многу ме погоди затоа што го познавав од мојот претходен професионален ангажман во Белград. Тој беше мошне интелигентен човек кој можеше многу да придонесе за дијалогот. Тој со храброст го допре прашањето за "мафијата" (нешто што го засега регионот на целиот Западен Балкан) и интересите кои всушност немаат ништо заедничко со процесот на нормализација. Ситуацијата во Македонија за среќа, е неспоредлива од политичка гледна точка, но мораме да останеме будни кога се работи за организираниот криминал, кој е како октопод без граници. Министерството за внатрешни работи, кое го поддржуваме преку нашата билатерална соработка, започна со нова определба во рамките на своите активности, што ги поздравувам. Ако го споменеме неодамнешното откритие на лабораторијата за дрога во Тетово, има за што да се размислува. Потребно е поголема мобилизација на ниво на целата земја, како и поголема меѓународна соработка за да можеме да дејствуваме. Се работи за кредибилитетот на државите од регионот, со оглед на ризикот од мешање на политиката преку организираниот криминал.

Како го коментирате новиот дух во односите меѓу Скопје и Атина, состанокот на премиерите Заев-Ципрас и изјавите што се следеа по овие состаноци? Можеме ли да речеме дека 27-годишниот спор наскоро ќе заврши?

Последните "метри" од преговорите се најтешки да се "истрчаат". Ќе биде потребен реален пристап и лидерите на преговорите да покажат квалитет на државници, но и во таборот на

опозицијата, да се покаже зрелост која треба да ги надминува тесно-политичките интереси. Двете земји треба да понудат објаснувања и да имаат инклузивен пристап. На крајот, одлуката треба да донесе стабилност, како регионална и меѓународна поврзаност, но пред сè, да отвори нови перспективи за развој. Ова е можност да се прикаже еден функционален политички систем во земјата, покрај процесот за решавање на прашањето за името. Мислам дека тоа исто така ќе биде важен елемент при оценувањето од страна на оние кои ќе треба да одлучуваат за интеграцијата во ЕУ, како и во НАТО.

Имавте изјава дека има многу простор за подобрување на Законот за јазиците. Во која насока беше оваа изјава? Дали има простор за подобрување на законот во однос на проширување на употребата на албанскиот јазик, или мислевте нешто сосема друго?

Ми се чини дека тоа е важен текст кој не треба да биде прашање што се наметнува после изборите: за него мора да се дискутира според процедури кои овозможуваат вистински дијалог со добра намера меѓу главните засегнати страни. Сакав да го привлечам вниманието на сите актери во демократскиот живот на тоа дека нормалното функционирање на парламентарните институции ќе биде камен-темелник за европската интеграција. Ова претпоставува конструктивен дијалог помеѓу страните, без манипулација со процедурите за усвојување, без систематска опструкција и без постојано да се случува репризa на "27 април". Мора да се најдат практични решенија кои го направат животот полесен за сите, без создавање на непотребни тензии и трошоци. Би сакал да работиме на приближување на заедниците и да им помогнеме на младите луѓе да најдат работа. На 1 февруари ќе имаме средба со Заменик-министерот за образование, г. Арбр Адеми, кој има едно прагматично и европско сфаќање на перспективата за ова прашање, за интегрирање на младите, што е и приоритет на нашата соработка.